Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр. 5/02), член 51 од Статутот на општина Куманово и Уредбата за начинот на располагање со примените подароци и други прашања во врска со примените подароци („Сл.Весник на РМ„бр 153/14), Градоначалникот на Општина Куманово донесе:

ОПШТИНА КУМАНОВО - KOMUNA E KUMANOVËS
Бр.-Nr. 01-11503/1
29.07. 2026
Куманово - Kumanovë

# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства.

Одредбите на овој Правилник се однесуваат на службените лица во Општината Куманово и тоа: Градоначалникот, вработените во општината и Советот на општина Куманово.

### Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1. Под поимот „Подарок" се подразбира придобивка која има одредена вредност и се нуди на и/или се прима од службено лице во рамките на должностите што ги врши.
2. Под поимот погодност се подразбира нематеријално добро кое вклучува повлестен третман, привилигиран пристап, услуги или други предности, лични услуги, покани на спортски и други настани од забавен карактер кои носат лична придобивка за службеното лице.
3. Под поимот гостопримство се подразбира нудење и прифаќање на покани за прием, учества и патувања, деловни и други официјални настани, деловни патувања и сместувања, учество на конференции, деловни ручеци како и давање на други слични услуги.
4. Под поимот „Евиденција на дадени и примени подароци" е единствената листа која се води врз основа на пријавени дадени и примени подароци.

   Подарокот утврден во став 1 од овој член може да се појави во повеќе форми, односно може да биде материјално добро ( во форма на недвижни ствари и движни ствари или нематеријално добро)

**Член 3**

Градоначанилникот на Општина Куманово, Претседател на Совет на Општина Куманово и административните службеници кои се определени/ овластени да ја претставуваат Општина Куманово можат да даваат подароци во прилики во кои вообичаено се даваат подароци на претставници на странски држави, нивни органи и организации,меѓународни организации или странски правни и физички лица, како и на домашни физички и правни лица, здруженија, организации, претставници и функционери на домашни државни и локални органи и институции во знак на соработка,благодарност или почит.

(2)Вредноста на дадениот подарок ќе се утврдува врз основа на:
- Пазарната вредност на таквиот подарок утврдена преку фактура, фискална сметка;
- договор за купопродажба, договор за изработка и сл.;
-понудена тендерска цена од спроведена постапка за јавна набавка на ваков вид на ствари/стоки.

**Член 4**

(1) Градоначалникот на Општина Куманово , Претседателот на Совет на општина Куманово и лица овластени од Градоначалникот на Општина Куманово можат да примаат подароци во прилики во кои вообичаено се примаат подароци од претставници на странски држави,нивни органи и организации, меѓународни организации или странски правни и физички лица, како и од домашни физички и правни лица, здруженија, организации, преставници и функционери на домашни државни и локални органи и институции, во знак на соработка, благодарност или почит.
(2) Градоначалникот на Општина Куманово и Претседателот на Советот на Општина Куманово можат да го задржат примениот подарок во сопственост, како личен подарок доколку вредноста на примениот пригоден подарок не ја надминува вредноста од 3.000,00 денари на денот на примање на подарокот.
(3) Подарок чија вредност надминува 3.000,00 денари, останува во сопственост на Општина Куманово.
(4) Вредноста на примениот подарок се утврдува врз основа на пазарната цена на таквиот подарок или со проценка од овластен проценител согласно Законот за процена.
(5) За подароците кои ги примаат лицата кои се овластени да ги претставуваат органите на Општината, а кои се од редот на стручните и администравни службеници се применува Уредбата за начинот на располагање со примените подароци, начинот на управување со евиденцијата на примените подароци и

други прашања во врска со примањето подароци (Сл.Весник на РМ бр.153/2014)

(6) Вработените во Општина Куманово не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа. Примањето подароци или друг вид на корист е дисциплински престап што претставува потешка повреда на службената должност, работната дисциплина, угледот на институцијата или угледот на административниот службеник.

(7) Вработените во Општина Куманово се обврзани да ги предупредат дарителите дека не смеат да примаат подароци. Во случај дарителот да инсистира на примање на подарокот вработените се обврзани да го доставаат подарокот до работодавачот.

(8) Подароците за примените подароци, нивната вредност, дарителите и другите околности се внесуваат во евиденцијата на подароци.

(9) На службеното лице на кое спротивно на одредбите од овој Правилник и спротивно на одредбите од Законот за спречување на судир на интереси, Законот за административните службеници и Законот за спречување на корупција му е понуден подарок или друга корист поврзана со извршувањето на службената должност, должно е да ја одбие таквата понуда, да го утврди идентитетот на понудувачот, а ако се работи за подарок што не може да биде вратен, службеното лице е должно без одлагање тоа да го пријави на надлежниот орган, да ги наведе сведоците и другите докази, веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа, да поднесе писмен извештај до Државната комисија за спречување корупција.

**Член 5**

(1) Општина Куманово води евиденција за дадените и за примените подароци.

(2) Евиденцијата на подароци може да се води во електронска и/или хартиена форма и ги содржи следните податоци:
-податоци за субјектот (физичко/правно лице,назив на институцијата, општина, држава, организација, орган итн) во чија сопственост ќе биде подарокот/или кое подарило подарок;
-вид/опис на подарокот
-вредност на дадениот, односно примениот подарок;
-повод – пригода за давање/примање на подарокот;
- датум на подарување;

(3) Градоначалникот на Општина Куманово од вработените во општината овластува лице кое ќе биде задолжено да води евиденција за дадените и за примените подароци и ќе се грижи за складирање и чување на примените подароци.

(4) Овластеното лице ги внесува податоците во евиденцијата истиот ден кога ќе му достават известување / пријава за даден, односно примен подарок.

(5) Евиденцијата се ажурира по потреба во делот на податоците за статусот на подарокот, односно местото и начинот на чување, складирање и изложување.

**Член 6**

(1) Примените подароци кои останале општинска сопственост, органите на општината треба да ги складираат/чуваат во архивата или друга погодна просторија на општината или можат да изложуваат во други јавни установи при вршењето на работите од својата надлежност, нивната вредност се евидентира како сметководствена вредност на стварта.

**Член 7**

Службените лица во Општина Куманово не смеат да прифаќаат било каква погодност во вршење на својата служба а доколку добие понуда истата да ја одбие и да го извести овластеното лице.

**Член 8**

Начинот на постапување со гостопримства по давање и прифаќање на гостопримства се заснова на принципот на разумност и транспарентност. При постапувањето, службеното лице има обврска:

- Да се однесува примерно и достоинствено
- Да внимава и да не го нарушува угледот на општината
- Да избегнува ситуации кои се во судир со етичките норми кои би можеле да бидат причина за уцена со цел да се влијае врз непристрасното и професионалното одлучување во службата,
- Да внимава да не го доведе во прашање личниот и институционалниот углед,
- Разумно да процени за прифаќање или одбивање на поканите за работилници, трибини или семинари, организирани од институции поврзани со неговата професија,
- Да ја почитува финансиската дисциплина за трошење на буџетски средства од Општина Куманово, односно да не презема дејсва на ненаменско трошење во случај на давање или прифаќање на гостопримство.

**Член 9**

Во случај на непочитување на одредбите на овој Правилник, ќе се спроведе постапка за етичка одговорност утврдена во Кодексот за административни службеници и Етички кодекс за локални функционери.

**Член 10**

Во случај кога службените лица во Општина Куманово имаат сознанија за постоење на неправилности при постапување со подароци, погодности и гостопримства, истите треба да го известат овластеното лице на Општина Куманово.

Доколку овластеното лице процени дека има елементи на постоење на неправилности при постапување со подароци, погодности и гостопримства, постапува согласно со Законот за заштита на укажувачи.

**Член 11**

Овој Правилник може да се измени и дополни само во писмена форма.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила веднаш по негово донесување.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КУМАНОВО**

**Максим Димитриевски**

## ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОДАРОЦИ ПРИМЕНИ ОД ВРАБОТЕНИ ЛИЦА ВО ОПШТИНА КУМАНОВО

| Р.бр. | Назив на институција | Име и презиме на вработениот - примател на подарокот | Работно место | Име и презиме на блиско лице на вработениот - доколку примател на подарокот е блиското лице | Сродство брачен другар/лице од вонбрачна заедница/дете/родител/лице кое живее во исто домаќинство со вработениот | Име и презиме и адреса на дарителот на подарокот/ Назив и седиште на правно лице или орган доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган | Датум на прием на подарокот | Повод за примање на подарокот | Вид/опис на подарокот | Вредност на подарокот / проценка врз основа на пазарна вредност | Сопственост на подарокот Лична/Сопственост на општина | Статус на подарокот Се чува во општина,Се складира во општина Куманово,Се изложува во општина,се располага со стварта(за кои потреби и кој располага) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

*Оваа евиденција се води и доколку примател на подарокот е привремено овластен работник во општина Куманово,надворешен експерт,волонтер и други лица работно ангажирани во општина Куманово*

**Куманово**

**Датум**

**Овластено лице,**
*Име и презиме*
*Потпис*
____________________

## ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОДАРОЦИ ПРИМЕНИ ОД ГРАДОНЧАЛНИК И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| Р.бр. | Име и презиме на фунционерот - приматeл на подарокот | Должност | Име и презиме на дарителот/Назив и седиште на државен орган или правно лице - дарители | Опис на подарокот | Проценета вредност на подарокот изразена во МКД/Евра во денарска противвредност | Датум на дарување | Сопственост на подарокот Државна/Лична | Датум на предавање на дарот во Општина Куманово |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

**Куаманово**
Датум:

**Овластено лице,**
*Име и презиме*
*Потпис*
________________